ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Соопштение за медиуми-

Скопје, 07.04.2023 година

# Политиките за рамномерен регионален развој не ги даваат очекуваните резултати

И покрај преземените активности на централно и регионално ниво во претходните години, социоекономските и демографските диспаритети помеѓу и во рамките на планските региони не се намалени

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема **„Рамномерен регионален развој со посебен акцент на демографијата“** согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, со цел да се даде одговор на прашањето: ***„Дали системот за управување со политиките за рамномерен регионален развој обезбедува ефективно намалување на диспаритетите во и помеѓу планските региони и нивната соодветна демографска, економска, социјална и просторна кохезија?“***

**Политиката за поттикнување** на рамномерниот регионален развој се спроведува преку плански и програмски документи, со нивно **навремено** донесување и **ажурирање** согласно резултатите од спроведениот Попис на населението во 2021 година.

Со ревизијата се констатира дека **Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 година** е донесена **со задоцнување**, врз основа на **проценка** за населението, која **отстапува** од резултатите од Пописот.

За поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на државата годишно треба да се издвојуваат средства од најмалку **1% од БДП**, кои за финансирање проекти се распределуваат по плански региони, согласно **Одлука за класификација на планските региони и степенот на развиеност**.

Со ревизијата се забележува **тренд на пораст** на издвоените средства за оваа намена во последните години, но истите **не се во висина** на законски утврдените.

Во периодот **2019 - 2021 година**, од Буџетот на државата, во функција на рамномерен регионален развој, алоцирани се средства во вкупен износ од околу **9 милијарди денари**, што претставува **46%** од законски утврдениот минимум, а искористени се **83%** односно околу **8 милијарди денари**.




Распределбата на средства по региони **не е извршена** согласно утврдениот степен на развиеност.

Со ревизијата е утврдено **недоследна** примена на развојниот индекс при распределба на средствата во сите региони. Имено, **Скопскиот регион** како **најразвиен,** иако треба да учествува со **7,2%**, а **Североисточниот** како **нај неразвиен** со **17,3%** од вкупните буџетски средства за оваа намена, во Скопскиот регион алоцирани се **26,2%**, за разлика од Североисточниот регион кој добил **8,4%.**

Исто така, утврдени **се слабости и нецелосна функционалност** на системот **СиРеРа** како интегрирана софтверска платформа која **дава можност** за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.

И покрај преземените активности на централно и регионално ниво во претходните години, **социоекономските и демографските диспаритети** помеѓу и во рамките на планските региони **не се намалени**.

**Природниот прираст на населението** како значаен индикатор за утврдување на демографскиот индекс, **од 2010 година** во континуитет бележи **намалување**, односно од **2,5‰**, истиот **во 2021 година** има **негативен предзнак** и изнесува **-5,4‰. Тренд на намалување** на стапката на природен прираст бележат сите региони, а **најниска** во **Источниот и Пелагонискиот регион**.

Ваквата состојба се надополнува и со резултатите од спроведениот Попис на населението во 2021 година, кои покажуваат дека два региона (Вардарски и Југоисточен регион) не го задоволуваат критериумот за минимален број на население според Номенклатурата на територијални единици за статистика (НТЕС 3) од 150.000 жители, а Источниот регион е на граница на утврдениот минимум.

*Тренд на стапка на природен прираст по региони*




*Извор на податоци: Државен завод за статистика, МАКСтат база на податоци*

Во последните **десет години** надворешните **миграции** во главно имаат негативно салдо, **а најмногу** регистрирани **иселени лица** бележат **Југозападниот, Вардарскиот и Полошкиот регион.**




*Извор на податоци: Државен завод за статистика, МАКСтат база на податоци, Население*

Трендот на миграции на населението од селата доведува до нивно напуштање. Според резултатите од спроведениот **Попис на населението во 2021 година**, во државата има **205 испразнети населени места/села** и во однос на **2002 година** нивниот број е **зголемен за 40%** односно уште **58 села останале без ниту еден жител.**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Од вкупниот БДП на Република Северна Македонија, **43%** се создава во **Скопскиот регион** што е за повеќе од **8 пати** од БДП во **Североисточниот регион** кој во вкупниот БДП учествува со само **5%** и има највисока стапка на **невработеност од 32,4% .**

Извршената ревизија и анализираните индикатори на регионите, **укажуваат** дека реализираните активности и искористените средства за **остварување** на стратешките цели, **не постигнале** намалување на диспаритетите помеѓу планските региони во државата.

Константните регионални **разлики во социо-економскиот развој** укажуваат на **неефикасно** планирање на активностите за ефективно остварување на политиката за рамномерен регионален развој, за што **е потребно** ревидирање на предвидените мерки на национално, регионално и локално ниво и **координирано дејствување** за намалување на диспаритетите, **зголемена атрактивност** на регионите и **поквалитетен живот на населението**.

Прес контакт:
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk